РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qender, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр.-Nr 08-886/4
18.10. 2021 год.-vit
Скопје - Shkup

СКОПЈЕ
15.11.2021
02-323/35

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика - Сончева енергија" на Природно - математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика - Сончева енергија" на Природно - математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-115/6 од 10.09.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Природно - математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр.02-323/25 од 16.09.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-886/1 од 20.09.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика - Сончева енергија" на Природно - математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-886/2 од 22.09.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 24.09.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-886/3 од 28. 09.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика - Сончева енергија" на Природно - математички факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези

CamScanner